| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10MW, на КП бр. 11/5, дел од КП бр. 11/35, КП бр. 11/39, КП бр. 11/40 и дел од КП бр. 145, м.в. Големо Брдо, КО Арматуш, општина Новаци |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Министерство за транспорт |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министер |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Благоја Ристовски, миа бр. овл. 0.0040 |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Ул. Панде Николов бр. 9, Битола<br>078/450-194 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Планската документација претставува Конечен предлог план Урбанистички План за Подрачја и Градби од Државно Значење (во понатамошниот текст У.П.П.Г.Д.З.) за Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10MW, на К.П.бр.11/5, дел од К.П.бр.11/35, К.П.бр.11/39, К.П.бр.11/40 и дел од К.П.бр.145, м.в.„Големо Брдо", К.О.Арматуш, Општина Новаци, согласно Просторниот план на Република Македонија и Условите за планирање изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр.Y53022, од Ноември 2022 година, Решение за Услови за планирање на просторот Арх.бр. УП1-15 2320/2022 од 09.03.2023 година, одобрената планска програма со ПРАВОСИЛНО РЕШЕНИЕ со Арх.бр. 67-2348/4 од 18.07.2023 година, а правосилно од 04.09,2023година. У.П.П.Г.Д.З. се изработува врз основа на Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.С.М. бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Конкретниот простор е предмет на обработка на Просторниот план на Општина Битола (стара територијална поделба), како и Просторниот план на Република Македонија. Тоа значи дека овие катастарски парцели се континуирано просторно плански третирани од почетоците на просторно планската дејност во градот Битола и во Република Македонија.<br>Планскиот опфат кој е предмет на изработка се наоѓа вон плански опфат, односно не опфатен со Генерален урбанистички план на град, со друг вид на урбанистички план или со урбанистичко планска документација.<br>За предметниот плански опфат издадени се Услови за планирање на просторот за поставување на фотоволтаични електрани на Агенцијата за планирање на К.П.бр.11/5, дел од К.П.бр.11/35, К.П.бр.11/39, К.П.бр.11/40 и дел од К.П.бр.145, м.в.„Големо Брдо", К.О.Арматуш, Општина Новаци, со тех.бр. Y53022, од Ноември 2022 година. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – енергетика. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планоvи и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| | | | |

| |
|---|
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Планираниот објект е еден вид централа-фотоволтаична за производство на електрична енергија од обновливи ресурси (сончева енергија) што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р. Македонија. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија и топлина, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Географската положба и сообраќајната поставеност на ова локација одат во прилог за оформување на плански опфат за поставка на Фотоволтаична централа - градба за производство на електрична енергија од обновливи извори.<br>Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) намените кои ќе се планираат во рамки на планскиот опфат се:<br>Е - инфраструктури,<br>Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури,<br>Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани,<br>Е1.8 - Високонапонска трансформаторска станица,<br>Е1.8 - Столб на далновод-пилон,<br>Е1.5 - Бунари. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2023 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 10 години. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Планскиот опфат на У.П.П.Г.Д.З., кој е предмет на уредување се наоѓа во западниот дел на К.О.Арматуш, Општина Новаци, лоциран до локалниот пат кој води до село Арматуш (од југо-источна страна на планскиот опфат).<br>Планскиот опфат е дефиниран со следните катастарски парцели: К.П.бр.11/5, дел од К.П.бр.11/35, К.П.бр.11/39, К.П.бр.11/40 и дел од К.П.бр.145.<br>Планскиот опфат граничи со следните катастарски парцели:<br>• На Исток со К.П.бр.11/1;<br>• На Југ со К.П.бр.11/1, К.П.бр.11/41, К.П.бр.11/12 и К.П.бр.97;<br>• На Запад со К.П.бр.150;<br>• На Север со К.П.бр.11/9, К.П.бр.11/17, К.П.бр.95 и К.П.бр.96;<br>Планскиот опфат има површина од 412541$м^{2,}$ односно 41.254 ха. |







**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)**

<table>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Несоодветното управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање на фотонапонска централа може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата од некоја природна непогода, при што потребна е нејзина промена, додека оштетената опрема треба да се откупи од компанија која ќе ја рециклира, а која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата</td><td>Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)</td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 година, во општината Новаци регистрирани се вкупно 5283 жители.<br>Според Пописот од 2021 година во Општина Новаци живеат 2648 жители.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поволната географскаta положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се еколошкиот аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално просторот да се третира и добие значење на објект кој користи обновлив извор на енергија.</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
</table>

| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на плансkиот документ: | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10MW, на КП бр. 11/5, дел од КП бр. 11/35, КП бр. 11/39, КП бр. 11/40 и дел од КП бр. 145, м.в. Големо Брдо, КО Арматуш, општина Новаци нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Согласно допис од УЗКН Бр.17-2507/2 од 18.08.2023 година, констатира дека на подрачјето на предметниот плански опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Планскиот опфат во најголем дел претставува земјоделско земјиште со катастарска култура нива, единствено низ планскиот опфат поминуваат два инфраструктурни објекти и тоа Магистралниот гасовод Кавадарци – Битола и 400kV Далновод на АД МЕПСО Скопје.<br>Со овој У.П.П.Г.Д.З. просторот треба програмски да се надополни, задоволувајќи ги потребите на Инвеститорот за реализација на планираните градби во рамки на планскиот опфат, односно да се дефинираат насоките за изработка на Основните проекти за планираните градби и инфраструктура. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Предметниот простор се наоѓа на територијата на подрачјето Пелагонија, коешто согласно Предлог Репрезентативната мрежа на заштитени подрачја, изработена во рамките на проектната активност Ref. RFP 79/2009 Развој на репрезентативната мрежа на заштитени подрачја од Проектот 00058373-PIMS 3728 Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во РМ, технички и финансиски подржана од Програмата за развој на Обединети нации – UNDP и Глобалниот еколошки фонд – GEF е предложено за заштита како подрачје значајно за зачувување/управување со одредени видови флора и фауна или заштита на пределските карактеристики. За овие не се подрачја не се предлага нивно прогласување во некоја од шесте категории на заштита, туку соодветни мерки за заштита на видовите.<br>Просторот на предметната документација се наоѓа во |

| | |
|---|---|
| | подрачје Пелагонија кое е предложено за заштита како Емералд Подрачје. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.<br>Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, обезбедување стабилност во снабдување на електрична енергија, односно одржливо производство на енергија, отварање нови работни места, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на стакленички гасови, зголемување на енергетската ефикасност.<br>Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе допринесе и за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. |

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

За планскиот опфат со површина од 41,2541 ха издадени се Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y53022 од Ноември 2022 година, изработени од Агенцијата за планирање на просторот Скопје, за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот Арх.бр.УП1-15 2320/2022 од 09.03.2023 година од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Овој план спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина Прилог 1, точка V-Енергетика, потточка 5-Електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветер, биомаса, биогас, геотермална и др) со моќност до 200 MW. | | | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** | | |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | | **Министер**<br>Александар Николоски | |
| **Бр**. 67-696/10<br>**Датум**: 15.05.2025година<br>**Место**: Скопје | | М.П. | |